**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4738/**

# З А П И С Н И К

**Од 226.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.08.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова ,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски, Ивана Трајковска,Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димовска-раководител во Одделението за планирање и буџет во МРТ.

**226.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11:00 часот.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ побара да се повлече од дневен ред точка 4.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.
.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записниците од 224.седница и 225.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.

4. Разно.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записниците од 224.седница и 225.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија ги стави на разгледување записникот од 224.седница и 225.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 224.седница и 225.седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записниците од 224.седница и 225.седница на Програмскиот совет на МРТ се едногласно усвоени.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година.
Виолета ја објасни целокупната потреба за измена на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ и притоа обасни дека тековното работење во 2023 година доведе до неопходна потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година во делот на Инвестициони набавки, се со цел да се набави нова и современа опрема која во голема мера ќе го модернизира производството и емитувањето на програмата која во иднина ќе се емитува на ТВ програмските сервиси на МРТ.
Согласно Барањето за пренамена на финансиски средства со архивски број 14-3738/1 од 21.06.2023 година доставено од страна на Директорот на МТВ и на Раководителот на Сектор ТВ Техника во МТВ, а во интерес на обнова и уредување на новите студија и воведување на нови технологии, паралелно со постојната набавка на ЛЕД видео ѕидови, неопходна е итна набавка на Систем за просторно наведување на студиски камери (камера тракинг).

Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година,со дополнување на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.
■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства** беше ставена на гласање:
- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните обасни дека со усвојување на последните измени во Законот за ААВМУ (член 105) Службен весник 154/23 кои директно се однесуваат на измена на процентот и износот на финансирање на радиодифузна дејност и овозможуваат зголемување на средствата кои МРТ ќе ги добива од Буџетот на РСМ во иднина, произлезе потреба од измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година со дополнување на средства а оттука се јави потреба и од измена и дополнување на планираните износи во Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2023 година. Имено, со оглед на фактот што во изминатиот период МРТ се соочуваше со континуиран недостиг на финансиски средства а

притоа и со неможност за набавка на нова како и обнова на застарената аудио и видео опрема и за реконструкција на работните простории и студијата, оваа измена на планот се состои токму од негово дополнување со нови ставки и тоа во најголем обем во делот за Инвестициони набавки и Тековно и инвестиционо одржување на градежни објекти.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2023 година со дополнување на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година,со дополнување на средства.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година, со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан еден допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Програмски интерес со бр.14-3750/2 od 16.08.2023 година,
-Програмски интерес со бр.14-3751/2 od 16.08.2023 година,
-Програмски интерес со бр.14-3752/2 od 16.08.2023 година.

Седницата заврши во 12.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател